**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-498/5**

**Скопје, 04.09.2008 година**

**До**
**Академија за обука на судии и јавни обвинители**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Академија за обука на судии и јавни обвинители - сметка приходи наплатени од органи (во понатамошниот текст Академија) за 2007 година кои се прикажани на страница 3.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Академијата за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Анета Арнаудовска - Директор на Академијата од 24.10.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија на 02.07.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно според сите значајни аспекти финансиската состојба на Академија за обука на судии и јавни обвинители под 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

11. Според наше мислење, кај Академијата за обука на судии и јавни обвинители е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 04.09.2008 година**

**Академија за обука на судии и јавни обвинители**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 2 | 0 |
| **Вкупно приходи** | **2** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **2** | **0** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **2** | **0** |

**Академија за обука на судии и јавни обвинители**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **2** | **0** |
| **Вкупна актива** | **2** | **0** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 2 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2** | **0** |
| **Вкупна пасива** | **2** | **0** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------